*Бесплатен примерок*

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 70 | Година XI | мај - јуни 2016 г. | *Весник на Општина Аеродром*



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009




АЕРОДРОМ Е ПОЗИТИВНА ПРИКАЗНА .......................... 3

АКТИВНОСТИ ........................................................4 - 15

ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ..................... 16 - 17

ОБРАЗОВАНИЕ ................................................... 18 - 19

ТЕАТАР .......................................................................20

ЗАБАВА .......................................................................21

ЗДРАВЈЕ ........................................................... 22 - 23

СТИЛ ................................................................. 24 - 25

ЖИВОТ............................................................... 26 - 27

СПОРТ............................................................... 28 - 29

ПИСМА .......................................................................30

ИНФО .........................................................................31


**ПРИЕМНИ ДЕНОВИ:**

- **Одделение за даноци, такси и други приходи и Данок на имот** – секој работен ден од 08:30 до 11:30 часот
- **Одделение за урбанизам** – понеделник и вторник од 09:00 до 11:00 часот
- **Комунално одделение** – понеделник од 15:30 до 16:30 часот, четврток и петок од 08:30 до 09:30 часот


Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

**Редакција**
м-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

**Лектор**
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Дизајн**
Даниела Чабуковска

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Ивица Коневски

**Печати**
Графички центар-Скопје

тираж 30.000 примероци

телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

**Адреса:**
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје


## Прославен 11-от роденден на Општината

# АЕРОДРОМ Е ПОЗИТИВНА ПРИКАЗНА



На 12.4.2016 година во дворот на црквата „Св. Петар и Павле“ во Горно Лисиче Општина Аеродром го прослави 11-от роденден во присуство на најблиските соработници и пријатели на општината.

Градоначалникот Коневски рече дека Аеродром е позитивна приказна, ако се земе предвид фактот дека Општината последниве неколку години доживеа голем развој во поглед на инфраструктурата и на условите за живот на граѓаните што особено се однесува на младите, за кои се вложува многу енергија, но пред сè финансиски средства за да се подобрат условите за одвивање на воспитно-образовниот процес и за спортување.

Исто така, градоначалникот Коневски порача дека економскиот развој на Општина Аеродром и понатаму ќе продолжи со несмалено темпо, а со тоа и инвестициите во инфраструктурата и подобрувањето на условите за живот.



## Во населбата Лисиче

# ПУШТЕНО ВО УПОТРЕБА НОВО ПОВЕЌЕНАМЕНСКО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ



Градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски и директорот на Агенцијата за млади и спорт, Марјан Спасески на 10.3.2016 година, официјално го пуштија во употреба новото повеќенаменско спортско игралиште наменето за граѓаните на населбата Лисиче.

Ова е дел од проектот „100 повеќенаменски игралишта“ како инвестиција на Владата на Република Македонија, а исто така и Општина Аеродром до сега има изградено повеќе од 20 вакви повеќенаменски спортски игралишта.

„Сите игралишта во Општина Аеродром граѓаните можат да ги користат бесплатно. Општината ќе продолжи да гради вакви спортски терени на сите оние места каде што недостасуваат сè со цел жителите на општината да имаат каде да спортуваат“, изјави градоначалникот Коневски.



ПРЕД



ПОТОА

На конкретново спортско игралиште, кое е изградено во дворот на ОУ „Димитар Македонски“ по светски стандарди, може да се игра ракомет, фудбал и кошарка. Вкупната површина на повеќенаменското игралиште заедно со обиколната патека изнесува 1.300 квадратни метри и содржи два гола за мал фудбал и ракомет, како и четири коша.

Теренот има асфалтна подлога, а целото игралиште е оградено со транспарентна жичана ограда висока шест метри и целосно е осветлено за да може рекреативно да се користи и во вечерните часови.

Вредноста на инвестицијата за новото повеќенаменско спортско игралиште изнесува околу 7,5 милиони денари.

Исто така, дворот на училиштето е партерно уреден со пешачки патеки, клупи за седење и канти за отпадоци, како и тревници, цвеќиња и друг вид хортикултурно уредување поврзано со автоматски систем за наводнување, така што граѓаните добија можност за спорт и рекреација во современи услови, зашто „спортот ги зближува луѓето“, како што нагласи директорот на Агенцијата, Марјан Спасески.



Во населбата Јане Сандански

# ПОЧНА ИЗГРАДБА НА УШТЕ ЕДНА НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА




„На мое огромно задоволство, а верувам и на задоволство на многу родители, почнавме изградба на нова детска градинка, втора по ред оваа година“, изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, на прес-конференцијата одржана на 10.3.2016 година.

Новата детска градинка, која се очекува да биде изградена за 7 месеци, ќе има капацитет за над 250 дечиња и ќе биде изградена во рамки на клонот „Чекорче“ со средства од Буџетот на Општина Аеродром во висина од околу 30 милиони денари.

Според проектот, објектот ќе ги исполнува сите неопходни стандарди за ваков тип институции и ќе овозможи современи услови за згрижување и престој на деца од предшколска возраст.

Објектот ќе содржи 6 големи занимални на приземје и три на катот што значи вкупно 9 занимални, простор за прием, кујна, санитарни јазли, административен простор и подрумски простории и сето тоа на површина од 1.700 квадратни метри.

Се разбира, детската градинка ќе биде опремена со креветчиња, масички, столчиња, плакари, нагледни средства и играчки. Објектот ќе биде енергетски ефикасен, а материјалите за изградба ќе бидат еколошки прифатливи. Со изградбата на новата детска градинка, како што рече градоначалникот Коневски, се очекува да се задоволи потребата од поголем капацитет за згрижување на децата, која е реална со оглед на зголемениот број дечиња во Општина Аеродром.







# ПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА „ЃОРЃИ КАПЧЕВ“



Градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски на 23.3.2016 година официјално го означија почетокот на целосна реконструкција на водоводната мрежа на улицата „Ѓорѓи Капчев“ во Горно Лисиче и нејзино асфалтирање.

Имено, улицата „Ѓорѓи Капчев“ ќе се реконструира на потегот од улицата Горно Лисиче, па сѐ до црквата „Свети Ѓорѓија“ во должина од еден и пол километар и широчина од 6 метри на површина од 9.000 квадратни метри. Со реконструкцијата на оваа улица се очекува значително да се подобрат условите за живот, но и безбедноста во Горно Лисиче.

Реконструкцијата на водоводната мрежа ќе ја изведува јавното претпријатие „Водовод и канализација“, додека асфалтирањето целосно ќе се покрие од Буџетот на Општина Аеродром, за што се обезбедени средства во висина од 15 милиони денари.

Со градежниот зафат за реконструкција на водоводната мрежа на улицата „Ѓорѓи Капчев“ и на нејзините четири краци, ќе се опфати водоводна мрежа во должина од 1.900 метри. Притоа, ќе се постават полиетиленски цевки со профил од 160, 110 и од 90 милиметри. Овој проект значително ќе го подобри водоснабдувањето во Горно Лисиче, а директна корист од новата водоводна мрежа ќе имаат 630 жители. За реконструкција на водоводната мрежа на улицата Ѓорѓи Капчев и на нејзините краци ЈП „Водовод и канализација“ ќе вложи околу 21 милион денари. Реконструкцијата на водоводната мрежа се очекува да заврши до крајот на мај, по што ќе следи асфалтирање на улицата.





# СЕ ГРАДИ НОВА УЛИЦА ВО АЕРОДРОМ

Општина Аеродром во својата програма за тековнава година има предвидено изградба на улицата „Новопроектирана улица 4“ меѓу новите згради во локалитетот Индустриска зона.

Станува збор за проект кој опфаќа изградба на собирна „Новопроектирана улица 4“ во должина од околу 500 метри и широчина од 16 метри. На оваа локација е предвидена изградба на две сообраќајни ленти од по 6 метри, како и тротоари од двете страни на улицата од по два метри.

Претходно е изведена целосно нова фекална и атмосферска канализација, водоводна мрежа, а исто така, се предвидени и нови линии за јавно осветлување, така што се очекува овој дел од населбата да добие целосно нов и поурбан лик, а жителите на новите згради современи услови за живот.





Во рамки на акцијата „Садница плус“

# ДЕЦАТА ОД АЕРОДРОМ НАСАДИЈА СЕМИЊА ОД ЕЛА

Во сите осум основни училишта и во двете детски градинки на територијата на Општина Аеродром на 18.4.2016 година успешно се реализираше акцијата „Садница плус“ во соработка со здружението „Ден на дрвото“ и Министерството за животна средина.

Учениците од основните училишта и децата од градинките насадија семиња од ела, кои ќе ги одгледуваат и ќе го следат нивното никнување и растење, со што ќе се придонесе да се развие одговорноста и еко-свеста кај децата.

# НЕ ПАРКИРАЈТЕ НА ПЛОЧНИЦИ!

Општина Аеродром апелира до граѓаните да не паркираат возила на јавните зелени површини и на плочниците околу зградите, бидејќи така се уништуваат пешачките патеки и се загрозува безбедноста на пешаците.

Исто така, ги информираме граѓаните дека комуналната инспекција на Општина Аеродром ќе врши засилени контроли. Ги молиме граѓаните прописно да се паркираат, сѐ со цел да не бидат казнети.

Граѓаните можат да пријавуваат вакви случаи на дежурниот телефон 075 316 515 и тоа не само во работното време на администрацијата, туку и во попладневните часови.

Исто така, на овој телефонски број граѓаните на Општина Аеродром ќе можат да пријават и други неправилности од доменот на градежната и комуналната инспекција и инспекцијата за животна средина.

**ПОВИКАЈ ИНСПЕКЦИЈА НА 075 316 515!**

Во 2015 година родени 752 новороденчиња во Општина Аеродром

# ЈОВАНА И ПЕТАР **НАЈПОПУЛАРНИ ИМИЊА**

Во текот на 2015 година Општина Аеродром додели рекордни 752 решенија за еднократна парична помош за новороденчиња, од кои 358 беа за машки деца, а 394 за женски деца.

Од нив 406 се првородени деца, а 280 се втородени. Во 58 семејства има трето дете, 6 се четвртородени, а имаме и 1 семејство со 6 деца.

За разлика од предходните години во 2015 година најчесто име што им се давало на девојчињата од Општина Аеродром е Јована, а кај момчињата Петар. Исто така, има и многу деца кои се викаат Михаил и Михаела, Ана и Јана, како и Марко и Лука. Меѓу новородените има и деца кои имаат ретки имиња како што се Миња, Мина, Делфина, Маркијан, Калист, Калија, Нестор, Василиј, Звездан, Зафир...



Општина Аеродром искрено се радува на зголемениот број на новороденчиња и на нивните семејства им честита за новиот член и истакнува дека и годинава продолжува со акцијата за доделување еднократна помош на секое семејство со новороденче во висина од 5.000 денари.

Барањето за доделување еднократна парична помош на семејствата со новороденче родено во 2016 година на подрачјето на Општина Аеродром може да се симне од општинската интернет страница aerodrom.gov.mk во менито: формулари.

# ХУМАНИТАРНА ОСМОМАРТОВСКА ПРОДАЖНА ИЗЛОЖБА

Во просториите на Општина Аеродром, по повод 8-ми Март беше поставена продажна изложба




на рачни изработки од претставници на здружението на граѓани „Солем“.

На изложбата можеа да се видат рачни изработки, односно најразлични украси и други рачно изработени предмети од страна на членовите на Здружението, а беше поставена и кутија за донации за хуманите граѓани, кои имаа желба да им дадат поддршка на лицата со интелектуална попреченост.

Целта на оваа изложба, покрај собирање финансиски средства, е дружење и социјализација на лицата со посебни потреби.

# **ВИСОКИ 77%** ОД АНКЕТИРАНИТЕ ГРАЃАНИ **СЕ ЗАДОВОЛНИ** ОД РАБОТАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КОНЕВСКИ

Како дел од последната анкета за задоволството на граѓаните од работата на Општина Аеродром што неодамна беше спроведена на 2.721 репрезентативен примерок, меѓу другите, беа и прашањата „Дали сте задоволни од работата на градоначалникот на Општина Аеродром?“ и „Дали сте задоволни од работата на администрацијата на Општина Аеродром?“.




На првото прашање дури 77% од анкетираните граѓани одговорија позитивно, 15% негативно и 8% немаа одговор.

Граѓаните, исто така, искажаа голем процент на задоволство од работата на администрацијата, при што 68% од анкетираните граѓани одговорија позитивно, 15% негативно и 17% немаа одговор.

Висок процент на задоволство аеродромци искажаа и за најголемиот дел од проектите што ги работи Општината, кои беа составен дел на анкетата.




Инаку, Општина Аеродром редовно спроведува испитување на јавното мислење со цел да го слушне ставот на граѓаните за проектите што ги реализира. Мислењето на граѓаните и нивното задоволство од работата на Општината е важно за креирање на стратегијата и програмата за работа во наредниот период.

Резултатите од анкетата во делот на проектите покажаа дека Општина Аеродром се движи во добра насока и затоа таа ќе продолжи да инвестира во инфраструктурата и образованието, како и во изградба на спортски објекти и паркови.

Од 26 до 28 април

# ВЕЛИГДЕНСКИ БАЗАР ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ




Од 26.4. до 28.4.2016 година пред трговскиот центар „Капитол мол“ се одржа Велигденски базар, во организација на Општина Аеродром, ТЦ „Капитол мол“ и Занаетчиската комора на Скопје.

На базарот можеа да се видат креативни занаетчиски производи од членови на Занаетчиската комора, но и изработки од членовите на невладините организации за лица со посебни потреби на територијата на Општина Аеродром, меѓу кои Солем, Порака и Мобилност.

Целта на велигденскиот базар беше да се промовираат традиционалните вредности преку презентација на занаетчиски изработки како филигран, производи од дрво, плетиво, текстил, накит, разни украси, изработки од стакло и други рачни изработки.

Исто така, во рамки на базарот се одржаа и разни културно забавни активности на професионални аниматори, мини-концерти на етно-бендови и други познати пејачи, како и промоција на техники за изработка на велигденски украси.

Општина Аеродром се вклучи во акцијата за спас на планетата Земја

# ДЕЛ ОД ПАРКОВИТЕ И ТРГОВСКИТЕ ЦЕНТРИ ВО МРАК

Со исклучување на светлата во парковите „Јане Сандански“, „Аеродром“, паркот со езерата и трговскиот центар „Капитол мол“ во времетраење од еден час Општина Аеродром и оваа година ја поддржа глобалната акција „Часот на планетата Земја 2016“.






На 19.3.2016 година, од 20:30 до 21:30 часот преку симболично исклучување на осветлувањето на наведените локации беше испратена порака за спас на планетата Земја и на тој начин се покажа солидарноста во борбата против климатските промени.

Инаку, во часот на планетата Земја се вклучија над 170 земји, меѓу кои и Македонија. Во акцијата во Аеродром учествуваа и екипи на Црвениот крст на Република Македонија.





# ФИРМИТЕ ОД АЕРОДРОМ ГО „ПОПЛАВИЈА“ ВЕБ-ПОРТАЛОТ ЗА ПОДДРШКА НА БИЗНИСОТ



Откако Општина Аеродром неодамна изработи веб-портал за поддршка на бизнис-секторот (mspaerodrom.mk), фирмите и невладините организации на нејзина територија покажаа голем интерес за регистрација на порталот, буквално преплавувајќи го секојдневно со нови регистрации.

**Општина Аеродром преку овој портал врши секојдневна бесплатна промоција на фирмите, кои егзистираат на нејзината територија. Преку порталот претпријатијата можат бесплатно да се промовираат и да добиваат сервисни информации, а исто така, можат да ги промовираат и своите производи, но и сопствените брендови, акции, вработени во фирмите или своите успешни приказни. Наскоро на овој интернет портал ќе се нудат и бесплатни консултантски услуги и експертски совети од врвни професори на МИТ Универзитетот од Скопје, со кој Општина Аеродром неодамна потпиша меморандум за соработка.**

# ИЗГОТВЕНА СТРАТЕГИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ ЗА ДОЛНО И ГОРНО ЛИСИЧЕ 2016 - 2021



На 19.4.2016 година во просториите на Општина Аеродром се одржа презентација на неодамна изготвената Стратегија за рурален развој за Долно и Горно Лисиче 2016 - 2021.

Стратегијата ќе биде од корист за руралниот дел на општината и претставува појдовна основа за секој индивидуален земјоделец и земјоделско стопанство, кои имаат намера да аплицираат за средства од ИПАРД програмата.

Целта на Стратегијата за рурален развој за Долно и Горно Лисиче 2016 - 2021, која е изработена врз основа на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2014 - 2020 на Република Македонија, е да се подготви и насочи стратешкото планирање во областа на руралниот развој, со развиена инфраструктура, воспоставени производствени капацитети во областа на земјоделството и развиена индустриска зона.

Исто така, преку реализацијата на планираните процеси на активности се предвидува подобрување на конкурентноста на руралните средини, подобрување на квалитетот на животот на руралното население, зголемување на приходите, како и создавање нови можности за вработување.

# АЕРОДРОМЦИ СЕ ОСЛОБОДИЈА ОД КАБАСТИОТ ОТПАД




На акцијата за собирање кабаст отпад што неодамна се реализираше во Општина Аеродром беа собрани вкупно 85 кубици отпад. Акцијата што се одвиваше речиси на целата територија на Општина Аеродром им овозможи на граѓаните да се ослободат од стар и неупотреблив мебел, електронски апарати и апарати од бела техника.

Исто така, постои можност ваква услуга граѓаните да добијат и во други денови со определен надомест, за што подетални информации може да се добијат на дежурниот телефон 0800 222 33.

**Наредната бесплатна акција за собирање кабаст отпад во Општина Аеродром ќе се одржи на 13.5 (петок) и 14.5.2016 година (сабота).**

Акција на „Фрутленд" и „Бамби"

# ЗДРАВА УЖИНКА ЗА ЗДРАВИ ДЕЦА

На 20.4.2016 година Општина Аеродром во соработка со продавницата за здрава храна „Фрутленд" на дечињата од големите групи од градинката „Срничка" објект „Бамби" им овозможи ужинка - природно цеден сок во боите на природата.

Целта на оваа активност е децата уште од најмала возраст да се научат на здрави навики, на здрав и енергичен појадок, со што ќе се чувствуваат здрави и сити во текот на целиот ден.

„Фрутленд" постојат од 2015 година, од кога прават 100% ладно цедени сокови и смути во специјален соковник, додека салатите ги подготвуваат исклучително од свежи состојки. Продавницата „Фрутленд" се наоѓа на бул. „Јане Сандански" бр. 40 (меѓу ООУ „Љубен Лапе" и градинката „Бамби").







# ИЗБРАНИ НАЈДОБРИТЕ ЦРТЕЖИ ОД КОНКУРСОТ НА ТЕМА „МОЕТО УЧИЛИШТЕ ВО ИДНИНА"





Од 4.4.2016 до 15.4.2015 година се одржа ликовен конкурс на тема: „Моето училиште во иднина" што го организираа Општина Аеродром, Општина Карпош и Европското движење во Република Македонија по повод 9-ти Мај, Денот на Европа.

Во изборот за најдобар цртеж учествуваа околу 500 ликовни творби пристигнати од детските градинки и од основните училишта на територијата на Општина Аеродром и на Општина Карпош.

Во Општина Аеродром за најдобра ликовна творба во категоријата од предучилишна возраст е избран цртежот на **НИКОДИМ ТРИМПАРЕВСКИ** од градинката „Срничка" објект „Бамби", второ место е **МАРКО ПАВКОВСКИ** од градинката „Буба Мара" објект Пчелка 2, додека третото место го освои **АНГЕЛА ПЕРОВСКА** од градинката „Срничка" објект „Бамби".

Во категоријата од одделенска настава за најдобар е избран цртежот на **САРА АНДОНОВСКА** од V[1] од ООУ „Блаже Конески", второ место е **МАРИЈА ТРАЈКОВСКА** V[1] и трето место **ИВА ТРАЈЧЕВА** и двете од ООУ „Блаже Конески".

Осмоодделенецот **НИКОЛА ДИМОВ** од VIII[2] од ООУ „Љубен Лапе" е избран за најдобар во категоријата од предметна настава, додека второто место и припадна на **МАРИЈА БОШКОСКА** од VII[1] од ОУ „Лазо Ангеловски", а **МИХАЕЛА КОВЧЕГАРСКА** од VI[1] од ООУ „Александар Македонски" го освои третото место.

Комисијата составена од претставници на Европското движење во Република Македонија, на Општина Аеродром и на Општина Карпош, одлучи да додели и повеќе пофалници за ликовни творби, кои беа особено инспиративни: **Теодора Ризова** од „Пчелка[1]", **Предраг Митев** и **Темјана Трпковска** од II[1] во ОУ „Александар Македонски", **Лила Мирчевска** од VII[2] во ОУ „Александар Македонски", **Илина Ангеловска** од VIII[4] во ОУ „Ѓорѓија Пулевски". Комисијата награди и пофали исто толку ученици и од Општина Карпош.

Признанијата и пофалниците за наградените ликовни творби официјално ќе бидат доделени во ТЦ „Капитол мол" на 5 мај во 11:00 часот.

Дел од цртежите што учествуваа на ликовниот конкурс, како и наградените творби, ќе бидат изложени во трговскиот центар „Капитол" од 3 до 6 мај.

Целта на оваа манифестација е не само да се развие детската уметничка креативност и инвентивност, туку и младата популација од Општина Аеродром да се приближи кон европските вредности.



# ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО!**

**ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.**

Драги читатели, Општина Аеродром од неодамна Ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во Ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од Вас сликани во неа, од Вашите најслатки, најоткачени и најсреќни деца, миленичиња, оние кои Ви ја смеат душата, едноставно, сè што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот:

vesnik@aerodrom.gov.mk


Ретро-Ивана Паункова


Авионче - Елеонора Ѓорѓиевска


Втор ден пролет - Ирина Алексова


Пролетен ден - Ангела Тасевска


Пролет - Василија Дончева


Зајдисонце - Верица Чолакова


Хеликоптер-Борис Гулевски


Пролет-Теодора Дамческа

# АКТИВНОСТИ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „БУБА МАРА“



### ФУСТАНЧИЊА ОД ПЛАСТИКА НА МОДНАТА ПАРАДА

На 2.3.2016 година во ЈУДГ „Буба Мара“ се одржа модна ревија со децата на возраст од 2 до 3 години, на која учествуваа 20 деца и нивните родители. Облеката беше изработена од стара хартија, пластика, салфети, тапи и слично, при што децата ја развиваа својата креативност и имагинација. Целта е да се мотивираат децата уште од најмала возраст да се вклучат во процесот на рециклирање и реупотреба на старата пластика и хартија.

### ХИГИЕНСКО ПАКЕТЧЕ ЗА ЗДРАВИ ЖИВОТНИ НАВИКИ

Децата од градинката „Буба Мара“ на возраст од 3 до 4 години учествуваа во проектот „Здрави животни навики“, при што изработија хигиенско пакетче со неопходните елементи за одржување на личната хигиена изработени од хамери во боја, пластични чаши, салфети...

### „ВРЕДИ ДА СЕ ШТЕДИ“

На 4.3.2016 година, во ЈУДГ „Буба Мара“ се одбележа Светскиот ден за заштеда на енергија. Целта на работилницата беше да се поттикнат децата да штедат електрична енергија. Децата изработија пароли под мотото „Вреди да се штеди“ и ги поставија низ ходниците и влезните врати од детската градинка.



### ПИРАМИДА НА ЗДРАВА ХРАНА

На 7.4.2016 година дечињата од градинката „Буба Мара“ по повод Светскиот ден на здравјето изработија пирамида на здрава храна, која ја поставија во занималните за да се потсетуваат за редовно консумирање здрави прехранбени производи.

## ФУДБАЛСКИТЕ РЕПРЕЗЕНТАТИВЦИ ВО ПОСЕТА НА ООУ „АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“



Фудбалските репрезентативци на Република Македонија до 21 година неодамна го посетија ООУ „Александар Македонски“, одвојувајќи време за дружба со своите највconfigerни навивачи и поддржувачи на фудбалот. Фудбалерите им поделија симболични подароци на учениците (привезоци, билети) и секако по некој автограм. Стручниот штаб на ФФМ, пак, донираше и спортска опрема (маици, топки), која е значајна за училишниот спорт. Фудбалерите ги поканија учениците да ги бодрат на трибините на тренинг центарот на ФФМ.

## АЕРОДРОМКАТА САРА СО ГРАН ПРИ ЗА НАЈДОБАР ВОКАЛ

Сара Гигова е единствената македонска учесничка, инаку ученичка во ООУ „Александар Македонски“, која на детскиот фестивал „Отворена Европа“ го освои гран-прито за најдобар вокал во категоријата на деца од 9 до 12 година.

Ова е тринаесетто издание на меѓународниот детски фестивал, кој од 22 до 27 март се одржа во руската престолнина. Годинава на фестивалот учествуваа деца од петнаесет европски држави.



# АКТИВНОСТИ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „СРНИЧКА“




### СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА ДЕЦА И РОДИТЕЛИ

Детската градинка „Срничка“ отвори Советувалиште за деца и родители „Растеме заедно“. Просториите на советувалиштето се наоѓаат во објектот „Изворче“, кое работи секој работен ден од 7:00 до 13:00 часот.

Работата во советувалиштето ја врши стручен и професионален тим, а услугата е бесплатна. За повеќе информации и закажување разговор родителите можат да се обратат на следните телефони: 071 270 572 – психолог, 071 270 573 – педагог, 071 270 482 – лекар, 077 987 416 – дефектолог и 070 494 253 – логопед.

### „СРНИЧКИТЕ“ УЧАТ ЗА НАРОДНОТО ТВОРЕШТВО

Во градинката „Срничка“ изминатиов период се одржаа едукативни работилници со кои децата се воведоа во убавините на македонското народно творештво, меѓу кои се запознаа и со народната носија, со дел од накитот и предметите што се користеле во различни краеви на нашата татковина, како и со убавините на македонската традиционална музика.

### ВО УЛОГА НА ГРАДИНАРИ

Децата од градинката „Срничка“, објект „Изворче“, засадија компирчиња во нивната градина, во рамките на активностите во дворот на градинката, како дел од планираните содржини од проектот „Мали градинари“.

### МОЈОТ ДОМ НАЈСАКАНО МЕСТО

Малите екологисти од објектот „Лале“ од градинката „Срничка“ во рамките на проектот „Мојот дом е најсакано место“, со помош на своите родители изработија алатки и апарати, кои се користат во домаќинството.



# ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ СЕ КИТИ СО ПРВИ МЕСТА ЗА НАЈЕКОЛОШКО УЧИЛИШТЕ

ООУ „Гоце Делчев“ е првото училиште во Општина Аеродром, кое доби зелено знаме и оттогаш наградата за највисок статус на еко-училиште ја има добиено три пати. Учествува во еколошки акции организирани од Здружението ОХО и на интернационално и републичко ниво има добиено две први места. Во собирањето пластична амбалажа преку „Пакомак“, исто така, се наоѓа на првото место во општината со најголем број собрани килограми пластична амбалажа.



ТЕАТАР КОМЕДИЈА

# „ВАРДАРСКИ ПАСТУВИ“ ЈА СМЕАТ ПУБЛИКАТА ДО СОЛЗИ

*Претставата можат да ја гледаат само лица кои имаат наполнето 17 години*

Театар Комедија календарската година, поточно на 8 март - Денот на жената, ја почна со премиера на „Вардарски пастуви“.

Иако „Вардарски пастуви“ е драмски текст работен според сценариото на Симон Бофој за филмот Фул Монти и според пиесата „Дамите бираат“ од Ентони Мекартен и Стивен Синклер, самата театарска претстава претставува самостоен театарски проект препознатлив според скопските урбани легенди што ги обработува.

Станува збор за една маалска банда другари, овде и сега, во Скопје, со ликови, кои можеме да ги сретнеме на секој чекор околу нас. Вардарските пастуви се маалски фаци, навивачи на фудбалскиот клуб „Вардар“, кои во моменти на општа животна апатија наоѓаат оглас за работа како машки стриптизери. И во желба да дојдат до пари и да стават крај на сите нерешени проблеми, најмуваат инструкторка по танци за да им помогне при правењето кореографија за она што никогаш не го правеле – јавно соблекување пред жени.

Затоа, претставата можат да ја гледаат само лица кои имаат наполнето 17 години.

Изборот на музиката за претставата, преводот и адаптацијата на текстот според скопски урбани легенди е на режисерот Синиша Евтимов, за кого по успехот на претставата „Стјуардеси“ на сцената на Театар Комедија и по одзивот на публиката околу Вардарски пастуви, со сигурност може да се оцени дека Театар Комедија има нов хит.

Во претставата играат актерите: Јелена Жугиќ, Атанас Атанасовски, Валентин Костадиновски - Тино, Жарко Димоски, Илија Илиоски, Столе Мицов, Едмонд Сотир и Крсте Јовановски.

Сценографијата е на Милан Несторов, костимографијата на Александар Ношпал, а кореографијата на Саша Ефтимова.

Секогаш кога игра „Вардарски пастуви“ театарот е полн не само со жени, туку и со мажи од различна возраст кои гласно и со нескриено уживање се смеат од првата до последната сцена на претставата „до солзи“, како што напиша „Утрински весник“ по премиерната изведба.

И самата помисла на таква приказна во наши услови уште на старт предизвикува смеа, а камоли кога во остварувањето на планот на „момците“ ќе им помогне вешта учителка по стриптиз, тогаш работите добиваат непредвидливи комични димензии.






**И молчењето е одговор!**



## ВИЦ НА МЕСЕЦОТ

**СЛОН**

- Зошто слонот има црвени чорапи?
- Не знам.
- За да биде невидлив меѓу јагоди.
- Си видел некогаш слон меѓу јагоди?
- Не.
- Ете гледаш?

АКО **МОЖЕ** ДА СЕ РЕШИ ПРОБЛЕМОТ, ТОГАШ НЕМАШ ПРИЧИНА ДА СЕ НЕРВИРАШ. АКО **НЕ МОЖЕ** ДА СЕ РЕШИ, ТОГАШ ЗАЛУДНО СЕ НЕРВИРАШ.

**ДАЛАЈ ЛАМА**



**ОТВОРИ ЈА УСТАТА САМО АКО ОНА ШТО ЌЕ ГО КАЖЕШ Е ПОУБАВО ОД ТИШИНАТА!**

**АРАПСКА ПОГОВОРКА**




**КОГА ЦЕЛОСНО И БЕЗРЕЗЕРВНО МУ ВЕРУВАШ НЕКОМУ ДОБИВАШ ЕДЕН ОД ДВАТА МОЖНИ РЕЗУЛТАТИ:**

**1. ЧОВЕК НА ЖИВОТОТ**
**2. ЛЕКЦИЈА НА ЖИВОТОТ**

ЗДРАВЈЕ

Што треба да знаете за вагиналниот исцедок?

# БАКТЕРИСКАТА ВАГИНОЗА - ЧЕСТА ПОЈАВА КАЈ ЖЕНИТЕ ВО РЕПРОДУКТИВНИОТ ПЕРИОД



**Фактори кои би можеле да влијаат на појава на бактериска вагиноза се повеќе сексуални партнери или нов партнер, спирала за контрацепција, антибиотска терапија, вагинални испирања, пушење...**

**д-р Сузана Костовска,**
специјалист гинеколог-акушер,
ПЗУ Коруноски – МВР, Скопје

Често жените се прашуваат дали е нормално да имаат вагинален исцедок и како треба да изгледа?

Во вагината, нормално, треба да има присутен вагинален исцедок, што не мора да укажува на воспаление. Тој се состои од вода, цервикална слуз, епителни клетки, бактерии - нормални жители во вагината, електролити. Неговата количина и карактеристики се менуваат во зависност од возраста на жената. Оскуден е во предпубертетот и во постменопаузата, а пообилен во репродуктивниот период.

Исто така, се менува и во фазите на менструалниот циклус. Нормалниот исцедок е белузлав, со висока вискозност и без мирис. ПХ-средината на вагината е кисела (PH = 3,8 - 4,2). Заслужни за тоа се главно, лактобацилите (нормалните жители), кои создаваат млечна киселина.





Во вагината освен овие лактобацили, кои нормално се наоѓаат во мнозинство, има и бројни други бактерии во помала количина (стрептококи, стафилококи, гарднерела, кандида...).

Многу често се сретнуваме со состојба, при која е настаната нерамнотежа меѓу лактобацилите и другите бактерии, пред сè гарднерела вагиналис, што се нарекува бактериска вагиноза. Таа е многу честа појава кај жени во репродуктивниот период. Не се знае што точно предизвикува појава на бактериска вагиноза. Фактори кои би можеле да влијаат на нејзината појава се повеќе сексуални партнери или нов партнер, поставена спирала за контрацепција, антибиотска терапија, вагинални испирања, пушење...

Најчест симптом е зголемен вагинален исцедок со белузлаво сивкаста боја, без чешање и печење, со непријатен мирис (на риба), особено по менструација или по полов однос.

Ако забележите некој од овие симптоми, пожелно е да се јавите кај вашиот гинеколог на преглед. Лекарот ќе ви постави прашања во врска со вашиот проблем, ќе направи гинеколошки преглед и ќе земе микробиолошки брисеви, за да ја постави дијагнозата.

Ќе ви понуди терапија со антибиотици. Најдобро лечење е со метронидазол. Седумдневна терапија дава подобри резултати од еднодневната. Лекови од втор избор се клиндамицин и ампицилин. Терапијата е комбинација на системска со локална терапија, односно таблетки паралелно со вагиналетки. Со лекувањето треба да се опфатат двајцата партнери.



Велигден - најзначајниот празник за христијаните

# СЕКОЈА БОЈА НА ЈАЈЦЕТО ИМА ЗНАЧЕЊЕ



Велигден е најзначајниот празник за христијаните, бидејќи на овој ден се празнува воскреснувањето на Исус. Тоа го знае секое дете, но ретко кој знае дека Велигден првично бил паганско празнување во чест на божица на пролетта и плодноста. Таа се викала Остара, што значи исток, бидејќи била споредувана со зората и од нејзиното име е изведен денешниот збор за Велигден - „Остерн“ или „Истер“. Нејзиниот празник се славел секогаш по првата полна месечина во пролетта. Тогаш луѓето танцувале со мечеви, што претставувало борба на богот на сонцето со зимските моќи, кои во ова годишно време редовно ја губат оваа битка.

Велигден меѓу христијаните важи како симбол на новиот живот. Затоа не е ни за чудење што зајакот во симболиката има клучна улога, бидејќи зајачицата годишно повеќепати донесува на свет и до осум младенчиња.

И во времето на божицата на пролетта зајакот се обожувал како свето животно. Во културната историја на човештвото јајцето се среќава многу рано. Уште во четвртиот век јајцата биле ставани во гробовите на Римјаните и Германите и симболизирале почеток на нов живот.

Како украсни предмети кои станаа дел од велгденската традиција служат пилиња, зајачиња, кошки, петли како и комбинација од сите при правењето декорации, без разлика дали се прават дома или се купени.

Бојадисаните јајца се симбол на новиот живот и се неодминлив дел од Велигден и велигденските обичаи. Боите можат да бидат различни – жолта, сина, виолетова, црвена, тиркизна, зелена и други. Која и да се избере нивната цел е иста – да се израдуваат децата и да покажеме дека веруваме во новиот живот.

**Но, дали знаевте дека секоја боја си има свое значење и дека велигденските јајца може да се обојат со природни бои?**





# МАСКЕНБАЛ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ



ЗОРО И ФРОУЗЕН НАЈМЛАДИТЕ ЧИТАТЕЛИ НА ВЕСНИКОТ АЕРОДРОМ!

























# БЕСПЛАТНО ЏИУ-ЏИЦА ЗА ДЕЦАТА ОД СОС ДЕТСКОТО СЕЛО

Клубот за џиу-џица „Такеда“ од Аеродром неодамна понуди бесплатни тренинзи за децата од СОС Детското село.

На овој хуман чекор од џиу-џица клубот се одлучиле, како што вели тренерот Зоран Ристески, за да им овозможат и на овие дечиња пристап до спортските активности, кои помагаат за здрав развој, затоа што сметаат дека сите деца се исти и сите треба да добијат еднакви можности. Тие тренираат два пати неделно во ОУ „Александар Македонски“ во Општина Аеродром, каде низ забава и игра се учи древната боречка вештина џиу-џица.



Од „Такеда“ апелираат до сите спортски клубови да се приклучат на оваа иницијатива и да понудат бесплатни тренинзи за децата од СОС Детското село и за други спортови.

На 1.4.2016 се одржа државно првенство за ученици од основни училишта во Џудо. **Нашиот ученик Еди Шерифовски го освои 1-то место во категоријата машки до 73 кг.**



# ОДБОЈКАРИТЕ ОД ООУ„БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ДРЖАВНИ ПРВАЦИ

Одбојкарите од ООУ „Блаже Конески“ се државни прваци во одбојка, кои со својот спортски училиштен клуб во периодот од 3-ти до 5-ти март оваа година учествуваа на Државното првенство во одбојка за основно образование во струмичкото село Василево. Тие ја совладаа екипата на ОУ „Никола Карев“ од Крушево.



СПОРТ

## Денес гордост на Општина Аеродром

# САЛАТА „ЈАНЕ САНДАНСКИ“ ПРЕРАСНА ВО МОДЕРЕН СПОРТСКИ ЦЕНТАР

Салата „Јане Сандански“ прерасна во модерен спортски центар, кој ја краси цела општина Аеродром. Оваа сала некогаш беше запуштено место, речиси нефункционално, со лоши услови и распаднат изглед, а сега е модерна градба со сите најсовремени услови.

До 2009 година салата „функционираше“ со исклучени вода, парно и струја поради вкупни долгови од над 500.000 евра. Во вакви услови, бројот на шампионски титули на МЗТ беше нула. Само 4 освоени трофеи во Куп на Македонија.



Сега во оваа сала се тренира и спортува по најсовремени услови. Долговите се еднакви на нула, а титулите се сè повеќе. Така, во моментов МЗТ има 4 шампионски титули, а дуплиран е бројот на освоени трофеи во купот, па сега има 8.




Но, благодет од оваа преобразба, освен спортистите и нивната публика добија сите жители на Аеродром. На ова модерно место се собираат младите луѓе и уживаат што во нивната општина има објект каков што сите посакуваа.

# КОШАРКАРИТЕ НА ООУ„ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“ ДРЖАВНИ ПРВАЦИ



Екипата на ООУ „Лазо Ангеловски“ го освои првото место на Државното првенство во кошарка за основни училишта (машки) и се закити со титулата државен првак.

Во текот на целото првенство, кое се одржа од 17-ти до 19-ти март 2016 година, кошаркарите од основното училиште „Лазо Ангеловски“ беа без ниту еден претрпен пораз, а во финале играа со ООУ „Видое Подгорец“ од Струмица и ги поразија со 22 разлика, со резултат 31:53.

Натпреварите беа проследени од огромна публика од сегашни и поранешни ученици, а натпреварувачите беа бодрени во текот на сите натпревари.



## АПЕЛ ЗА ПОСОВЕСНО ОДНЕСУВАЊЕ КОН СРЕДИНАТА!

**Почитувани,**
Ве молам да се преземе нешто во врска уништување на детското игралиште зад зградата на „Владимир Комаров“ 27. Неодамна се поправаа лулашките, а сега некој ја скршил и лизгалката, згора на се качена клупа на другата лизгалка. Крајно СРАМНО и НЕЦИВИЛИЗИРАНО однесување. Дали можеби соодветно осветлување ќе ја подобри целата лоша слика?

**Ви благодарам,**
**Т.Ј.А.**





Нашата општина

Нашата општина Аеродром се вика
тоа е прекрасна како најубава слика.
На чело на неа Ивица Коневски седи
и само успеси бележи [illegible].
Аеродром е нашата општина град,
низ неа шетаат со насмевка млади.

Најубави улици, игралишта, куќи и згради има
и секој граѓанин добронамерен го прима.

Оваа општина зелена е цела
како што дрвја од Скопје да би зела.
Покрај Вардар паркот на езерото свети
која градоначалникот одлично ни го вети.
Имаме и игралишта, терени и спортски сали
во нив победи [illegible] слави.
Благодарение на Вас нашата општина е [illegible]
барем една во градот како неа да е сигурна!

Лична творба на учениците од III-3
ООУ Лазо Ангеловски - Скопје
Одделенски наставници



**Почитувани,**
дури ВИЕ на овие станари не им го дотерате умот дека треба да мислат и на другите станари, ништо од демократијата. Паркинг на бул. „Јане Сандански“ зграда 30.

**Поздрав,**
**З.Ч.**



## СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

| | |
|---|---|
| Итна медицинска помош | 194 |
| Пожар и елементарни непогоди | 193 |
| Центар за известување и тревожење | 195 |

### Градинки

| | |
|---|---|
| Срничка | 2455 512 |
| Буба Мара | 2434 530 |

### Основни училишта

| | |
|---|---|
| Блаже Конески | 2469 746 |
| Браќа Миладиновци | 2460 479 |
| Ѓорѓија Пулевски | 2455 510 |
| Љубен Лапе | 2450 220 |
| Лазо Ангеловски | 2430 324 |
| Димитар Македонски | 2440 011 |
| Гоце Делчев | 2438 288 |
| Александар Македонски | 6152 513 |

### Средни училишта

| | |
|---|---|
| Владо Тасевски | 2464 123 |
| Димитар Влахов | 2464 590 |
| Марија Кири Склодовски | 2452 189 |

### Библиотеки

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2466 474 |
| Кирил Пејчиновиќ | 2450 449 |
| Рајко Жинзифов | 2443 450 |

### Цркви

| | |
|---|---|
| Света Тројца | 2763 337 |
| Свети Петар и Павле | 2439 722 |
| Свети Пророк Илија | 2460 825 |

### Полиција 192

| | |
|---|---|
| ПС Аеродром | 2432 362, 3142 408 |
| ПС Драчево | 2763 330, 2794 111 |
| ПС Кисела Вода | 3223 410, 3142 403 |

### Амбуланти

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Лисиче | 2440 810 |
| Пелагонија | 2460 478 |

**ПРИЈАВА НА КОРУПЦИЈА:**
**080052222**

### ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| | |
|---|---|
| Централа | 2400 970 |
| Пријавница | 2401 511 |
| Контакт со граѓани | 2401 555 |
| Локален економски развој | 2401 542 |
| Правна служба | 2401 556 |
| Човечки ресурси | 2401 538 |
| Урбанистички планови | 2401 529 |
| Осветлување | 2401 533 |
| Комунална инспекција | 2401 521 |
| Градежна инспекција | 2401 521 |
| Инспекција за домување | 2401 521 |
| Инспекција за животна средина | 2401 521 |
| Финансии | 2401 513 |
| Буџет | 2401 536 |
| Сметководство | 2401 535 |
| Даноци, такси и други приходи | 2401 537 |
| Данок на имот | 2401 553 |
| Јавни набавки | 2401 548 |
| Образование и култура | 2401 517 |
| ИТ | 2401 530 |
| Социјална заштита | 2401 518 |
| Архива урбанизам | 2401 525 |
| Совет на Општина Аеродром | 2401 512 |
| Инспекција | 2401 522 |
| Животна средина | 2401 552 |
| Урбанизам | 2401 528 |
| | 2401 529 |
| | 2401 545 |
| Комунално одделение | 2401 532 |
| | 2401 534 |
| | 2401 540 |

### Јавно осветлување

| | |
|---|---|
| ЕВН | 3205 000 |
| „КОД“ | 2672-196 |

### Јавни претпријатија

| | |
|---|---|
| ЈП „Водовод и канализација“ | 3073 010 |
| ЈП „Паркови и зеленило“ | 2464 272 |
| ЈП „Комунална хигиена“ | 3216 644 |
| | 075/506 090 |
| Оџачарски услуги | 2440 293 |
| Кабаст отпад | 0800 222 33 |

